# УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

## TABLY

SCAN.MK

# ВЛЕГУВАЊЕ ВО АПЛИКАЦИЈАТА

При внесување на претходно даденото url во пребарувачот, ќе ви се отвори страна како што ви ја прикажуваме овде.




На полето каде пишува **КОРИСНИЧКО ИМЕ**, треба да го внесете корисничкото име кое ви е претходно дадено за користење на апликацијата, а ја внесувате заедно и лозинката каде што пишува **ЛОЗИНКА**, и кликате на **ЛОГИРАЈ СЕ**.

По логирањето, ќе ви се отвори **ТАБЛА ЗА ПОВИЦИ** како оваа овде.



Во ТАБЛАТА ЗА ПОВИЦИ ќе се прикажуваат сите повици кои се направени од клиенти преку скенирање на QR кодовите.
Постојат 2 вида на повици, **ПОВИК ЗА КЕЛНЕР** и **ПОВИК ЗА СМЕТКА**.
Ви прикажуваме слика како изгледа ТАБЛАТА ЗА ПОВИЦИ кога од МАСА 2 имаат направено 2 повици, еден за КЕЛНЕР а еден за СМЕТКА.




Со цел поубаво да ги објасниме повиците, ќе го прикажеме зголемен повикот за келнер.




Овде ви е прикажан **бројот на маса** (претходно дефиниран во панелот за мапирање маси) од каде е направен повикот.

**тип** на повик, т.е дали е повикан **КЕЛНЕР** или **СМЕТКА**

**место** на масата (опционално)

**време** кое поминало од повикот кога бил направен

копче **УСЛУЖЕНО** кое при клик на него, се бриши повикот доколку е услужена масата.

Најгоре на страните имаме **ЛЕНТА ЗА НАВИГАЦИЈА.** Во лентата за навигација на таблата за повици имаме копче што изгледа вака.



При клик на ова копче, ќе бидете пренесени на страна на која ќе можете да додадете/избришете маси и превземете QR кодови.

# МАПИРАЊЕ НА МАСИ И QR КОДОВИ

Вака изгледа страната каде се мапираат т.е додаваат маси.




Во оваа форма наречена „**Додади нова маса**" можеме да **додаваме маси**. Во полето **Број на Маса**, го внесуваме **бројот на масата во ресторанот**. Во полето **Локација** внесуваме од прилика **каде се наоѓа** таа маса, пр. Тераса. Во листата **Тип** можеме да избереме дали таа е Висока или Ниска Маса. **Можеме да додаваме и различни типови на маси по договор.**

Овде се прикажуваат **сите маси** кои претходно сме ги внеле.
Секоја маса има копче **Превземи QR** кое ќе ни спушти QR код како слика за таа маса.
Имаме и копче **Избриши**, кое при клик на него и внесување на **Лозинката на Корисникот**, можеме да ја избришеме масата.

Во лентата за навигација на страната за мапирање на маси имаме копче што изгледа вака.



При клик на ова копче, ќе бидете пренесени на страна на која можете да додавате, уредувате и бришете корисници кои ќе можат да се логираат во апликацијата

# МЕНАЏМЕНТ НА КОРИСНИЦИ

Вака изгледа страната на која можат да се додаваат/менуваат/бришат корисници кои ќе можат да ја користат апликацијата.




Во оваа форма наречена „**Додади нов корисник**” можат да се додаваат корисници кои ќе можат да ја користат апликацијата. Во полето за **Корисничко име**, се внесува име кое сакате да го внесувате за логирање, а во полето **Лозинка**, се внесува лозинка соодветно.

Овде се прикажуваат **сите корисници кои можат да ја користат апликацијата**. Секој корисник има копче **Уреди**, кое при клик на него, корисникот може да си ја промени лозинката. Има и копче **Избриши** кое при клик на него, се брише корисникот.

**Секогаш треба да има барем 1 корисник во апликацијата!**

# ДРУГИ КОПЧИЊА




Секоја страна во лентата за навигација ги има едно од овие две копчиња. При клик на некое од нив, се променува јазикот на страната. МК - македонски, EN - англиски




Секоја страна во лентата за навигација го има ова копче. При клик на него, се одјавувате од апликацијата, и при повторно користење треба повторно да се логирате. **Секогаш кога не ја користете апликацијата, одјавувајте се!**



Копче кое пренасочува на **СТРАНАТА ЗА ПОМОШ(КОНТАКТ)**.

# ПОМОШ/КОНТАКТ

Вака изгледа страната преку која можете да не контактирате доколку имате некаков технички проблем.




Контакт информации

Со потполнување на оваа форма за **вашиот дефект** или **потреба за контактирање**, ни испраќате **email.**

Преку порака можеме да ве контактираме најмногу за 1 ден!

# КОРИСНИЧКИ ДЕЛ

Вака изгледа страната која ја гледаат клиентите при скенирање на QR код




**почетна**




**повикан келнер**




**повикана сметка**




**истечена сесија**




**cooldown - келнер**




**cooldown - сметка**

# Заштита

**За да нема никаква злоупотреба, направивме неколку заштити кои мислеме дека на корисниците на системот ќе им оневозможеме злоупотреба.**

## ЗАШТИТА 1

**При скенирање на QR менито од страна на клиентот кое е поставено на масата, Тој има можност 10 минутна сесија за да повика келнер, сметка или да го гледа менито. Кога ќе помине таа сесија, Тој повторно треба да го скенира QR кодот за да добие сесија и да повика келнер или сметка.**
**Тоа е направено со цел клиентот доколку го напушти локалот, да не може од друго место да повика келнер или сметка од масата каде што бил а Тој не е таму.**

## ЗАШТИТА 2

**При повикување на сметка или келнер, клиентот му е оневозможено наредните 3 минути од повикот да направи друг повик.**
**Кога ќе поминат 3-те минути, на клиентот повторно му се овозможува да направи повик.**